**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Македонски јазик
# за IX одделение

**Скопје, 2026 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јазик и комуникација<br>• Литература, творење и изразување<br>• Медиумска писменост |
| **Број на часови** | 4 часа неделно / 144 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија, печатач.<br>• Средства и ресурси за учење: фотографии, слики, плакати, постери од книжевници, шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја; речници, правопис, лексикони, енциклопедии, книги, едукативни софтвери, снимки од нарации, аудио – визуелни снимки;<br>• Библиотека во училница, училишна библиотека/медиотека.<br>Забелешка: Доколку наставата е кабинетска се препорачува организирање на драмско катче, уметничко-литературно катче, новинарско катче, место за библиотека во училницата. |
| **Норматив на наставен кадар** | Настава по Македонски јазик во IX одделение на деветгодишното основно образование може да реализира лице кое завршило наставна насока на студиските програми:<br><br>• Македонски јазик и книжевност VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | • Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонска книжевност и култура VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Општа и компаративна книжевност VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>• Македонски јазик и англиски јазик (германски јазик, француски јазик) VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br><br>Забелешка: Лицата кои завршиле применета насока од наведените студиски групи и се здобиле со педагошко – психолошка и методска доквалификација можат да реализираат настава по предметот Македонски јазик во основното образование. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Јазична писменост**

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик, преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици; |
| I -A.7 | да ги идентификува најзначајните автори и дела од литературата на мајчин јазик; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудио пораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |

| | |
|---|---|
| I-А.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-А.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-А.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи во предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство, |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти; |
| I-Б.5 | читањето и изразувањето на мајчиниот јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење. |
| I-Б.6 | познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни предмети), |
| I-Б.7 | познавањето на мајчиниот јазик е еден од најважните столбови на етничкиот идентитет. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди **Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура Техника, технологија и претпримништво** и **Уметничко изразување и култура**.

**Дигитална писменост**

*Ученикот/ученичката знае и/или може:*

| | |
|---|---|
| IV-А.1 | да ги истражува и споредува можностите на познати и нови дигитални уреди и самостојно да процени, одбере и да ги користи тие што се најсоодветни за конкретна потреба и ситуација; |
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјални мрежи, и дигитални облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| I-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-А.13 | да дефинира критериуми за квалитетот на дигиталните продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има органичувања и може да носи ризици за поединецот или општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите што се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и сајбер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

**Личен и социјален развој**

*Ученикот/ученичка знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример, ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |

| | |
|---|---|
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |

*Ученикот/ученичката знае и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации; |

| | |
|---|---|
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |

**Општество и демократска култура***:*

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација, |
| VI-А.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него, |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги раздинува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува во и да подржува хуманитарни и волонтерски акции, |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |

| | |
|---|---|
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес. |

**Техника, технологија и претпримништво**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VII-А.2 | да ја објасни потребата од иновации за развојот на општеството; |
| VII-А.4 | да генерира идеи и осмислува активности кои водат до продукти и/или услуги; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VII-Б.3 | иницијативата е битен услов за внесување промени во личниот живот и животот во заедницата, а успешноста на промените е поврзана со соочување со предизвици и/или преземање ризик; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

**Уметничко изразување и култура**

*Ученикот/ученичката знае и/или умее:*

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности, |

| | |
|---|---|
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.8 | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување. |

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

| | |
|---|---|
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Подрачје:** ***ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА***

**Вкупно часови: 67 часа**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. ги објаснува општествените и културните околности во кои се употребува македонскиот јазик во XX век.
2. ги наведува, ги анализира и дискутира (поткрепено со цитати) ставовите на Крсте Петков Мисирков изнесени во статијата „Неколку зборови за македонскиот литературен јазик“.
3. ги наведува активностите на Блаже Конески за кодификација на македонскиот јазик.
4. ги објаснува односите на дел-речениците во зависносложена реченица и ја појаснува употребата на запирката во неа;
5. ги наведува видовите речници и речниците на македонскиот стандарден јазик.
6. наведува различни функционални стилови и пишува кратки примери за нив.
7. чита со разбирање текстови од различни функционални стилови и ја резимира нивната содржина.
8. чита со разбирање посложени и подолги текстови и ја толкува нивната содржина.

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

1. со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција.
2. познавањето на македонскио јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| **Наука за јазикот**<br>**Наука за јазикот**<br>**Македонскиот јазик меѓу балканските јазици** (карактеристики на балканскиот јазичен сојуз: постпозитивен член, удвојување на предмет, губење на инфинитив, да-конструкции, аналитичка деклинација, компаратив и суперлатив со по- и нај-). | • Ги наведува и објаснува специфичните особености на македонскиот јазик како резултат на заемните процеси меѓу балканските јазици.<br>• Составува примери со специфичните особености на македонскиот јазик. |

| | |
|---|---|
| **Историја на македонскиот јазик**<br>**Македонскиот јазик во XX век**<br>**Погледите на К. П. Мисирков за македонскиот литературен јазик**<br>**(К. П. Мисирков; *„За македонските работи“*; „Неколку зборови за македонскиот литературен јазик“; научен текст; историски развој на јазикот; централни македонски говори; фонетски правопис; лексика од македонските говори)**<br>• **Македонскиот јазик меѓу двете светски војни** (асимилаторска политика, забрана за користење на македонскиот јазик, *Абецедар*, македонска театарска сцена, драми напишани на македонски јазик од: Ристо Крле, Васил Иљоски, Антон Панов; поезија од Кочо Рацин, Коле Неделковски; западномакедонско наречје)<br>• Кодификација на македонскиот стандарден јазик (кодификација на стандарден јазик, историски настани поврзани со кодификацијата на македонскиот јазик, македонската азбука, македонскиот правопис, улогата на Блаже Конески во нормирањето на македонскиот јазик; Крум Тошев, Круме Кепески; *Правопис на македонскиот јазик, Речник на македонскиот литературен јазик, Граматика на македонскиот литературен јазик*) | • Ги коментира и ги толкува ставовите на Мисирков во статијата „Неколку зборови за македонскиот литературен јазик“ од книгата „За македонските работи“.<br>• Наведува и образложува факти за значењето и улогата на Мисирков во кодификацијата на македонскиот јазик.<br>• Ги наведува историските факти за територијалната поделеност на Македонија и за јазичното прашање во периодот меѓу двете светски војни.<br>• Ги објаснува активностите на македонските интелектуалци и нивната заложба за развојот на македонскиот јазик.<br>• Го објаснува значењето на македонските писатели и на нивните дела во развојот на македонскиот јазик.<br>• Го објаснува поимот кодификација на македонскиот стандардн јазик.<br>• Ги наведува историските настани и датуми кои се поврзани со кодификацијата на македонскиот стандарден јазик.<br>• Ја објаснува улогата на Блаже Конески во процесот на кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. |
| **Морфологија**<br>• **Морфолошка анализа на реченица**<br>(морфолошка класификација – поделба на зборовите според менливоста/неменливоста;<br>менливи и неменливи: именки, заменки, придавки, глаголи, броеви; прилози, предлози, сврзници, честички, модални зборови, извици)<br>• **Морфосинтакса** | • Прави морфолошка анализа на реченица.<br>• Ги идентификува функциите на именките, придавките и заменките во речениците. |

| | |
|---|---|
| Функциите на именките, придавките и заменките во реченицата | |
| **Синтакса**<br>• Согласување меѓу подметот и прирокот (согласување по род, број и лице)<br><br>• Зависносложена реченица<br>( главна дел-реченица, зависна дел-реченица; исказни, временски, причински, последични, условни, допунски, односни, начински и целни зависносложени реченици, сврзници и сврзувачки зборови кај зависносложените реченици) | • Го определува подметот во реченицата и објаснува што сè може да именува подметот.<br>• Ги набројува зборовите кои можат да се јават во функција на подмет во реченицата.<br>• Ја согледува заемната врска меѓу подметот и прирокот и нивното согласување по лице, род и број.<br>• Ги идентификува и го разликува значењето на видовите зависносложени реченици.<br>• Ги користи правилно сврзниците и ги препознава според субординациската врска што ја воспоставуваат помеѓу дел-речениците.<br>• Составува различни видови зависносложени реченици, користејќи ги сврзниците и сврзничките состави, како и запирката во речениците.<br>• Ги користи правилно сложените сврзници и сврзувачките состави во зависносложените реченици во различни контексти.<br>• Прави синтаксичка анализа на сложените реченици. |
| • **Лексикографија**<br>Речник, основни типови речници<br>(лексикон, вокабулар; енциклопедиски, лингвистички, еднојазични, повеќејазични, речници на странски јазици и изрази, толковни речници, правописни речници)<br>*Речникот на македонскиот јазик*<br>*Толковен речник на македонскиот јазик*<br>*Правописен на македонскиот литературен јазик* | • Ги препознава различните видови речници во зависност од целта и од јазичниот материјал што се обработува.<br>• Ја образложува разликата помеѓу двојазичен речник и речник на странски зборови и изрази.<br>• Ги набројува лингвистичките речници што ги користи секојдневно. |
| **Стилистика (лингвостилистика)**<br>• Функционални стилови | • Ги препознава и ги набројува особеностите на фунционалните стилови во усна и писмена комуникација. |

| | |
|---|---|
| (разговорен, административен, уметничколитературен, научен, публицистички) | |
| **Правописни правила и интерпункција**<br>• Скратеници и скратување на зборовите<br>(список на скратеници во македонскиот јазик; список на почести скратувања)<br>• Запирката во зависносложените реченици | • Ги применува правилата за бележење на скратениците и на скратувањата на зборовите.<br>• Правилно употребува запирка при пишување проста реченица (набројување, дополнување, нагласување, изделување).<br>• Правилно употребува запирка во зависносложена реченица. |
| **Читање со разбирање**<br>• Читање со разбирање посложени и подолги текстови | • Објаснува непознати зборови или фрази во даден текст според нивната употреба во контекстот.<br>• Извлекува клучни зборови од прочитан текст врз основа на кои го резимира текстот.<br>• Споредува факти/мислења меѓу два текста врз основа на една карактеристика во текстовите.<br>• Определува разлика помеѓу содржината и целта, како и помеѓу фактите и мислењето што се однесува на сложени/апстрактни изјави во текстовите.<br>• Користи цитати, примери или детали како докази за поддршка на заклучоците што ги изведува во врска со прочитан текст.<br>• Открива заклучоци во врска со веродостојноста на информациите или заклучоците понудени во дел од текстот.<br>• Интегрира информации од неколку видови на текст, со цел да се идентификува главната идеја или да се разбере значењето на некој збор/фраза.<br>• Ја поврзува содржината на текстот со претходното знаење, личното искуство и сопствените ставови. |

**Примери на активности:**

- Учениците се поделени во групи, секоја група добива неколку стикери со примери од спецификите на македонскиот јазик според кои се одделува од другите балкански јазици. На таблата се наброени спецификите и учениците читајќи ги примерите кои ги имаат на стикерот,

определуваат која специфика е тоа, ја објаснуваат и даваат свои примери. Новите примери се поставуваат на заеднички постер кој ќе биде потсетник за издвоеноста на македонскиот јазик од другите балкански јазици.

- Учениците работат во групи. Секоја група добива различен работен лист со извадоци од петтата статија „Неколку збoрои за македонцкиот литературен јазик“, а има и прашања кои се однесуваат на извадокот и учениците треба да ги одговорат. На пример, првата група може да го разгледува следниот извадок: „Но іас ке си дозвол'ам да повторам. Она іет: прво, Македониіа да се неутралисат за Бугариіа и Србиіа и да се оддалечит іеднакво од двете држаи и друго, она требит да се обіединит на іазична осноа. Тиіе принципи ке ракоодат изработуаін'ето на литературниіот наш іазик; они ке ракоодат и праописот. На тиіе два принципа одгоарат: 1, Прилепцко-Битол'цкото наречиіе за литературен іазик, као іеднакво далеко и от србцкиіот и бугарцкиіот іазици, и централно во Македониіа. 2, фонетичниіот праопис со употребените во таіа книга писмени знакои и со мали отстапки на етимологиіата и 3, речничниіот материіал да іет собраін'е от сите македонцки наречиіа.“ Откако ќе го прочитаат и дискутираат за него во групата, одговораат прашања од работниот лист: 1. Кои говори според Мисирков треба да бидат основата на македонскиот литературен јазик и зошто?; 2. Каков треба да биде правописот според Мисирков?; 3. Објаснете го поимот фонетски правопис; 4. Што предлага Мисирков во однос на речничкиот материјал (лексиката)?; 5. Какви разлики забележувате помеѓу јазикот на Мисирков и современиот македонски јазик?; итн. По пополнувањето на работниот лист, секоја од групите презентира. Така, на пример, првата група ги наведува и ги толкува следните ставови на Мисирков: 1. За основа на литературниот јазик да се земат централните македонски говори; 2. Користење фонетски правопис (со мали отстапки); 3. Фонетскиот правопис значи за секој глас по една буква; 4. речникот да се збогатува со зборови од сите македонски наречја; 5. Во извадокот може да се забележи испуштање на интервокалното „в“ (праопис, знакои), наставката –цки, -цко наместо –ски, -ско (македонцки), настојува на народна лексика, и на живи зборообразувачки модели.
- Учениците следат презентација подготвена од наставникот за состојбата на македонскиот јазик помеѓу двете светски војни, како и активностите на македонските интелектуалци во тој период и нивните заложби за решавање на македонското јазично прашање. Потоа работат во групи. Секоја група добива различен текст од одреден автор, на пр. од Ристо Крле, Васил Иљоски, Антон Панов, Кочо Рацин, Коле Неделковски итн. со задача да го прочитаат текстот, да дискутираат за неговата содржина и за јазикот на кој е напишан текстот. Низ дискусија се открива дека македонските автори помеѓу двете светски војни во своите дела ги користеле говорите од западномакедонското наречје (исклучок е Васил Иљоски кој пишувал на кумановски говор) и со тоа одиграле значајна улога во зацврстувањето на западномакедонското наречје како основа на македонскиот литературен јазик.
- Учениците се поделени во неколку групи. Добиваат насоки дека ќе играат квиз-натпревар, но секоја група треба да состави неколку прашања кои се однесуваат на кодификацијата на македонскиот литературен јазик, како и историските настани поврани со кодификацијата на македонскиот јазик и значајни личности кои дале придонес за развојот на современиот македонски јазик во текот, но и по неговото кодифицирање. На пример, една група запишува прашања за Блаже Конески, втората за поимот кодификација, за историските настани и датумите на кодификација на македонскиот литературен јазик, азбука и правопис, третата за Круме Кепески, четвртата за Крум Тошев итн. Секоја група на едно ливче запишува по едно прашање. Потоа се формира комисија од 3-4 ученика, која ќе внимава на точности на одговорите кога ќе одговараат учениците. Останатите ученици се поделени во натпреварувачки групи. Ученик од комисијата ги дели прашањата по натпреварувачките групи, односно секоја група извлекува по едно прашање. Натпреварот се спроведува во три круга (во зависност од времето може и повеќе). Победник е групата која ќе има најмногу точни одговори.

- Учениците добиваат наставен лист во кој има неколку реченици. Во него наведено е колку по број има: глаголи, именки, заменки, сврзници... со боички во различни бои треба да ги подвлечат менливите и неменливите зборови, потоа во табела да ги подредат во колоните каде што припаѓаат според зборовната група. Се дискутура за начинот на кој ги поделиле и што е она што ги дели двете групи на зборови. Заклучоците од дискусијата се запишуваат како потсетник.
- Учениците се поделени во две групи. Стојат во редица и група по група од еден голем сад треба да извлекуваат зборови. Секој збор треба да го ставаат во сад на кој е напишана зборовната група каде што припаѓаат. Кога ќе истече времето, се отвараат садовите и се брои колку точни зборови има. Секој точен број носи поени. Се коригираат евентуалните погрешни поделби и се прави дискусија за видовите зборови и нивната менливост односно неменливост.
- Учениците следат примери на таблата преземени од текст кој е читан на некој од часовите. Рeчениците се активни, а тие добиваат задачи да ги трансформираат во пасивни по примерот: Сара јаде јаболко.- Јаболкото е изедено од Сара. Потоа ги читаат и се разговара за разликите на двата типа реченици: активнии пасивни. Учениците ја согледуваат нивната улога и збороред. На крајот споделуваат свои примери.
- Учениците се поделени во групи. Во секоја група добиваат по една дел реченица која ттреба да ја дополнат со свои примери, односно со зависна дел реченица. Секоја група го презентира сработенотои се дискутира за точност.
- На таблата се закачени на листови со сврзници и сврзнички состави од кои се образуваат зависносложени реченици. Учениците, доброволно земаат еден лист и составуваат реченица во која ќе го употребат сврзникот што е на листот. Останатите проверуваат дали реченицата е граматички точна.
- Учениците ја посетуваат училишната библиотека или библиотеката од местото каде што живеат. Имаат можност да ги разгледаат речниците и да направат нивна споредба. Секој запишува свои забелешки за она што го согледале. Дискутираат за видовите речници и нивната намена, а на крајот запишуваат заеднички заклучок, односно поделба на речниците.
- Наставникот/наставничката на час носи: Толковен речник на македонскиот јазик, Тритомниот речник на македонскиот јазик, Обратен речник, Правописен речник на македонскиот јазик, Речник на симболи, Македонско-англиски речник. Ги дели учениците во групи и со техниката *вртелешка* сите речници поминуваат низ рацете на учениците. Нивна задача е да ги опсервираат и да запишат кои работи им се заеднички, кои им се различни. Потоа секоја група треба да пребара по една јазична единица од секој речник. Сработеното се презентира пред сите во одделението.
- На час наставникот/наставничката им ги отвора интернет-страниците: https://makedonski.gov.mk/ http://drmj.eu/ https://pravopis.mk/ https://recnik.365.com.mk/ http://www.makedonisch.info ги запознава со нив и им демонстрира како се користат. Учениците од училишните таблети се обидуваат да се поврзат и да пребаруваат во речниците. Се отвора дискусија за можостите на овие речници и за нивната функционалност во споредба со оние во печатена форма.
- Учениците се поделени во пет групи, секоја група добива еден функционален стил и задача која треба да го изрази тој стил. Пр: Групата: Разговорен стил, пишува писмо од летување во детско одморалиште, до своите родители; Групата: Уметничко-литературен стил, пишува песна; Групата: Публицистички стил, пишува соопштение до учениците од деветто одделение за активностите поврзани со полуматурата. Групата: Научен стил, пишува краток текст за вселената; Групата: Административен стил, пишува барање до директорот на училиштето да се разгледаат

идеите за прослава на полуматурата. Потоа се читаат задачите на глас пред целиот клас и се дискутира за карактеристиките на секој стил одделно.

- Учнците ги научуваат правилата за скратување на повеќекомпонентните имиња, наслови и називи. Се делат во групи и на таблата се запишува на пр: Македонска академија на науките и уметностите. Групите имаат 20 секунди да ја напишат скратеницата. Потоа ја покажуваат пред паралелката. Тие што скратиле точно добиваат поени кои се запишуваат во табелата претходно запишана на таблата. За да се провери дали ги владеат правилата на скратување може да се напише некој непостоечки назив и да се види како од него ќе направат скратеница. Се дискутира и се извлекуваат заклучоци во согласност со презентираните примери.
- На катедрата се става сад во кој има скратеници, учениците излегуваат и влечат ливче на кое има една скратеница. На табла го запишуваат целосниот назив.
- Учениците добиваат наставен лист во кој има напишано зависносложени реченици без интерпункција. Задачата е да стават точка, запирка или некој друг знак кој сметаат дека е потребен. Се проверуваат заеднички.
- Учениците се делат во мали групи. Секоја група добива копии од два текста на иста тема и еден работен лист со претходно изготвена табела и прашања и задачи коишто ќе се користат за проверка на веќе стекнатите знаења за факти/мислења. Групите имаат задача да ги прочитаат внимателно текстовите, а потоа кратко да дискутираат за нивната содржина.
  Пр:Текст 1: https://umno.mk/glumcite-zarea-i-palea-ne-vratija-vo-zlatnite-godini/
  Текст 2: https://www.vecer.press/glumcite-peat-za-tri-casa-se-najdovme/

Првата задача е во табелата да ги изделат фактите и мислењата и за едниот и за другиот текст. Секоја група го чита сработеното пред целата паралелка и дава појаснување за секој издвоен факт или мислење.

- Учениците се поделени во мали групи.Учениците го читаат текстот „Влијанието на социјалните медиуми во животот на тинејџерите“.

оцијалните мрежи играат значајна улога во секојдневниот живот на тинејџерите. Од Instagram до TikTok, тинејџерите ги користат овие платформи за споделуваат моменти од својот живот, да се поврзат со пријатели и да бидат во тек со најновите трендови. Но, дали овие мрежи имаат само зитивни страни? Некои истражувања покажуваат дека прекумерната употреба на социјалните мрежи може да има негативновлијание врз нталното здравје на тинејџерите, вклучувајќи депресија и анксиозност. Истражувањето објавено во "Journal of Abnormal Child Psychology" во 2019 дина открива дека повеќе време поминато на социјални мрежи е поврзано со појава на симптоми на депресија кај тинејџери“. Учениците поделени групи продолжуваат да дискутираат по следните прашања за дискусија: Како ви се чини влијанието на социјалните мрежи во вашите животи? Кои позитивните аспекти на користењето на социјални мрежи за вас? Кои се негативните аспекти на користењето на социјални мрежи за вас? Како шите лични ставови се поврзани со содржината на текстот? ...Потоа секоја група го презентира знаењето за темата при тоа користејќи ги личните вови и искуства на учениците коишто се поврзани со содржината на текстот што го читаа.

- Со учениците се дискутира како може да се провери веродостојноста на одредени информации во текст. Заклучоците од дискусијата, наставникот ги запишува на таблата. Потоа учениците се делат во групи и на секоја група ѝ се дава краток текст. Учениците треба да го прочитаат текстот, а потоа треба да разговараат за веродостојноста на информациите во текстот/заклучоците понудени во дел од него. Секоја група го анализира текстот според заклучоците што наставникот ги напишал на таблата, потоа го подготвува својот заклучок за веродостојноста на информациите или заклучоците што се понудени. Група по група презентираат и по секоја презентација се отвора дискусија за текстот и за тоа

| |
|---|
| што им создаде најмногу сомневања. Учениците дискутираат и образложуваат пред целата паралелка. Пример за текст: *„Земјата е рамен диск. Ова е јасно докажано од страна на многу филозофи и учени, кои истражуваат различни аспекти на нашата планета. На пример, ако се погледнеме хоризонтот, може да се види дека тој е рамен, што директно докажува дека Земјата не е сфера.*<br>• На учениците им се даваат различни текстови кои се однесуваат на иста тема, но во нив се прикажани различни аспекти или гледишта. Учениците работа во мали групи. Секоја група добива текст кој треба да го прочитаат внимателно. Потоа треба да се пронајде главната идејата/пораката во текстот. Учениците гласно ја споделуваат нивната главна идеја со другите групи. По еден ученик од групата ги пренесува главните заклучоци од текстот што го имаат прочитано, а потоа заедно сите доаѓаат до разбирање на значењето на некои зборови и фрази за коишто постоеле дилеми околу нивното толкување. На пример,текстовите може да бидат: *Еколошките предизвици пред современиот свет; Технолошките решенија за спасување од глобалното затоплување; Видови активизам за спасување на планетата Земја; Ефектите на загадувањето воздух врз здравјето и сл.*<br>• Учениците работат индивидуално. Секој ученик добива работен лист којшто се однесува на извадок од прочитана лектира. Секој ученик има право да одбере еден од неколкуте понудени заклучоци за главниот лик коишто се зпишани на работниот лист. Учениците треба да запишат примери, цитати или други детали коишто ќе бидат користени како докази за поддршка на заклучокот што го одбрале. Неколку ученици го презентираат сработеното пред останатите соученици и одговараат на прашања во врска со понудените докази. |
| **Подрачје:** ***ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***<br><br>**Вкупно часови: 67 часа** |
| **Резултати од учење:**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. споредува и коментира мотиви и теми во приказни од различни народи.<br>2. ги наведува и препознава стилските изразни средства: контраст, иронија, реторско прашање, словенска антитеза, симбол во дадени примери.<br>3. ги разликува лирските песни по мотив, правејќи осврт на социјалните песни.<br>4. ги наведува карактеристиките на лирско-епските видови преку примери.<br>5. ги објаснува и толкува литературните дела: историски расказ, историски роман, семеен роман и роман за млади во согласност со доживувањето, контекстот и значењето.<br>6. ги објаснува карактеристиките на поетскиот, прозниот и драмски дискурс преку примери и интерпретира врз основа на структурна и стилистичка анализа.<br>7. ги идентификува и ги анализира пораките, стилските и естетските елементи на литературните дела, поврзувајќи ги со секојдневието.<br>8. усно и писмено се изразува со аргументи за прочитани литературни творби и лектири. |

9. пишува текстови со практична примена и текстови во кои се изразува на различни теми.
10. пишува и подготвува текстови почитувајќи ги правилата за нивната структура и правописните правила.

*Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*

1. литературниот текст е повеќеслоен и има свои карактеристики од јазичен, содржински, семантички и стилистички аспект и секој од нив придонесува за уметничката вредност на текстот.
2. литературниот текст содржи општочовечки идеи кои влијаат на ставовите, мислењата и односот кон животот и другите.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| --- | --- |
| **Народна литература**<br>• Народни песни и приказни од другите народи<br>(типови приказни, мотиви, споредба) | • Ги наведува типовите приказни и мотивите од приказните на другите народи.<br>• Ги споредува типовите приказни и мотивите од приказните на другите народи со македонските народни приказни. |
| **Лирика**<br>• Социјална лирика<br>• Лирско-епски видови<br>(балада, романса, поема, епски и лирски елементи во лирско-епски творби, лирски субјект)<br>• Стилски изразни средства<br>(контраст, иронија, реторско прашање, словенска антитеза, симбол) | • Анализира лирски песни според мотивот, структурата и стилското изразување.<br>• Толкува и стихови од различни поетски творби одредувајќи го лирскиот субјект.<br>• Определува мотив и лирски субјект во социјална песна.<br>• Анализира и толкува лирско-епски творби според мотив.<br>• Објаснува разлики и сличности во лирско – епските видови на песни.<br>• Препознава стилски изразни средства во примери од песни (контраст, иронија, реторско прашање, словенска антитеза, симбол).<br>• Го коментира естетското доживување на поетските творби според сопственото читачко искуство. |
| **Епика во проза**<br>• **Расказ** (историски теми, историски ликови, белетризирани историски ликови,историски | • Ги наведува карактеристиките на расказите со различни историски мотиви (историски ликови, историски настани, минато време).<br>• Препознава видови романи според темата: историски, семеен, роман за млади.<br>• Наведува теми во историските романи од македонската книжевна продукција.<br>• Ги открива и ги дискутира карактеристиките на различните видови роман. |

| | |
|---|---|
| личности: историски ликови, читање на определено историско време)<br>• **Роман (**роман за млади; семеен роман; историски роман; фабула, мотиви, теми, настани, тек на настаните, наратор, ликови, описи, пораки) | • Зборува и расудува за ликовите врз основа на изгледот, особините, говорот, размислувањата, емоционалните и психичките реакции и општествениот статус во литературното дело.<br>• Толкува проблемски ситуации од текст констектуализирајќи ги во секојдневието.<br>• Го опишува контекстот на дадено литературно дело.<br>• Интерпретира избрани цитати од литературен текст (историски роман, семеен роман, роман за млади), посочени или по избор според однапред зададени критериуми.<br>• Објаснува со аргументи омилен литературен вид од изучените.<br>• Споредува книжевен текст и неговото прилагодување во други медиуми (театар, телевизија, филм ...) |
| **Литературно-научни видови**<br>• Биографија<br>(факти, точни информации, јасност и прегледност, хронолошка подреденост на фактите, примена на научен стил)<br>• Романсирана биографија<br>(разлики меѓу биографија и романсирана биографија)<br>• Автобиографија (субјективност во пишувањето ; споредба меѓу биографија и автобиографија) | • Наведува карактеристики на биографија како посебен литературно-научен вид.<br>• Наведува разлики меѓу биографија и романсирана биографија.<br>• Интерпретира извадок од романсирана биографија и коментира за прикажувањето на фактите и информациите во неа.<br>• Ги објаснува карактеристиките на автобиографијата како посебен и различен вид текст од биографијата и романсираната биографија. |
| **Публицистика**<br>• Патопис<br>(јас- раскажувач, засведочено раскажување, описи на луѓе, места и обичаи, опис на искуства преку факти, мислења, емоции; публицистички стил) | • Анализира патопис пронаоѓајќи ги неговите карактеристики.<br>• Наведува форми во кои може да се појави патописот (новинарски натпис, текст со фотографии, телевизиски патопис/видеопатопис).<br>• Составува примери за засведочено раскажување, опишувајќи места, луѓе и обичаи, користејќи го своето искуство за прикажување факти, мислења и емоции**.** |
| **Драма** | |

| | |
|---|---|
| • **Драмски текст (**монодрама, современа драма; двојната природа на драмскиот текст; драмски текст наспрема театарска претстава; елементи на театарска претстава – глума, костимограф, сценограф, режисер, композитор)<br>**Филм**<br>• Филмот како уметност (историја на филмот; жанрови; филмска идеја, синопсис, сценарио; филмска адаптација на литературно дело – филмско сценарио со литературна предлошка) | • Ги објаснува спецификите на драмата како посебен литературен род и можноста таа да биде поставена на сцена.<br>• Ги набројува разликите меѓу драмски текст и театарска претстава.<br>• Ги наведува елементите на театарската претстава.<br>• Го објаснува поимот монодрама преку пример/извадоци од драмски текст.<br>• Толкува и коментира содржина преку избрани цитати од современи драмски текстови.<br>• Ги препознава и објаснува поимите од областа на филмот како уметност: филмска идеја, синопсис, сценарио.<br>• Наведува основни податоци за историјата на филмот.<br>• Наведува жанрови на филм и ги објаснува темите што во нив се прикажуваат.<br>• Објаснува преку пример дека литературното дело може да биде основа за филмско сценарио. |
| **Текстови за практична примена**<br>• Пријава/Приговор<br>• Записник<br>**Изразување и творење**<br>**Писмено и усно изразување**<br>• Есеј<br>• Презентација<br>• Креативно пишување<br>• Осврт за културни настани<br><br>**Самостојно усно изразување на дадена тема** | • Објаснува структура на текстови со практично-професионална комуникација.<br>• Составува пријава или приговор во различни контексти.<br>• Составува записник од одржана седница на одделенска заедница.<br>• Писмено и усно се изразува за доживувањето на одреден литературен текст.<br>• Аргументирано пишува или зборува за книжевен текст.<br>• Писмено ја изразува својата проценка на книжевен текст(етичка, естетска и идејна страна).<br>• Пишува есеј со јасна структура, изнесувајќи аргументиран личен став.<br>• Подготвува усни и писмени излагања на различни теми.<br>• Подготвува и презентира материјали на различни теми со користење на современи технички средства за изразување.Пишува текст изразувајќи ја својата креативност и творечко мислење.Пишува осврт за културен настан (театарска претстава, посета на кино, промоција, изложба)<br>• Самостојно подготвува и презентира говор соодветен на целта за која е наменет.<br>• Презентира говор почитувајќи ги правоговорните норми на македонскиот стандарден јазик. |
| **Примери на активности** | |

- Учениците ја читаат по групи „Пепелашка“ и „Мара Пепелашка“. Прават споредба на мотив/ите во приказните, односно мотивот - лошата маќеа. Се очекува учениците да коментираат согласно возраста односно да ја коментираат од поинаков агол улогата на лошата маќеа и жртвата на семејните интриги – ликот Пепелашка. Наставникот поставува прашања кои ќе бидат поврзани со мотивот, но и со прашања за типовите ликови кои се претставени во двете приказни, настаните кои се претставени, стилот на кој се напишани, волшебните предмети и помошниците кои се појавуваат и слично. Целата дискусија се насочува кон сведување на заедничките особини за двете приказни во кои се наоѓа истиот мотив во различни варијанти. Учениците заклучокот го претставуваат преку Венов дијаграм. (Приказните, исто така, може да се искористат и поврзат со други современи раскази и да се отвори прашањето за стереотипот за лошата маќеа кои се застапени во фолклорните текстови. Темата, понатаму, исто така може да се искористи со комбинирање задача од делот Изразување и творење. Како примери можат да се земаат и приказни за животни, басни како и реалистични приказни.).
- Учениците се поделени во група и добиваат песна за која наставникот има поставено различни барања за секоја група: првата група прави анализа на структурата на песната; втората група прави анализа на мотивот/мотивите во песната ; третата група прави анализа на стилските средства кои ги препознава во песната. По презентацијата на сработеното учениците добиваат нова задача која е иста за секоја група- толкување на стиховите врз основа на анализата и пишување на резиме за истото во должина од 5-7 реченици во кое ќе дадат и мислење за тоа кој е лирскиот субјект во песната. И оваа задача се презентира пред сите во паралелката и потоа се прави завршна дискусија за песната со сумирањена се што е кажано на часот.
- Учениците ја читаа песната „Денови“од стихозбирката *Бели мугри* од Кочо Рацин. Наставникот ги има поделено стиховите, односно извадени се цитати за кои се бара учениците да кажат по еден збор кој им изгледа клучен за значењето на цитатот. Избраните клучни зборови потоа учениците ги користат за одедување на мотивот на песната и пишување на пораките од песната.
- Учениците читаат во пар балада или романса, секој пар добива различна песна. Имаат задача да ги одредат лирските и епските елементи на стиховите односно, да ги издвојат деловите каде се изразуваат чувствата и мислите од наративниот дел на песните. Исто така, секој пар треба да го запише општото расположение во песната: тажно, среќно, пријатно, непријатно... Запишаните агрументи секој пар ги споделува и истите се извор на дискусија од која ќе се изделат заедничките и разликувачките елементи на романсата и баладата. На крајот од дискусијата се одредува и мотивот во песната кој е различен во двата вида лирско-епски творби.

- Учениците слушаат извадок од поемата „Сердарот“ од Г.Прличев https://www.youtube.com/watch?v=gslyaXKw6Ig Потоа имаат задача да ја запишат содржината која ја слушаат во неколку реченици. Зборуваат за раскажувачкиот дел од слушнатото, а потоа и за стиховите во кои почувствувале силна емоција препознавајќи го лирскиот елемент на поемата. Учениците потоа го добиваат извадокот од песната на хартија и дискутираат за потемнетите стихови во песната кои се обележани од наставникот и кои го претставваат стилското изразно средство словенска антитеза. Структурата на ова стилско изразно средство учениците ја запишуваат по објаснување на наставникот и толкуваат преку примерот.
- Учениците следат презентација во која наставникот има поставено иронични искази, може да се примери од песни, може да се и секојдневни искази. Учениците за секоја изрека коментираат и објаснуваат. На крајот изведуваат и заклучуваат што е иронија, а наставникот ја споделува и дефиницијата според која потоа даваат и свои примери пишувајќи мал врзан текст.

- Учениците прават попис на симболи кои ги знаат, а кои имаат некакво значење за нив и пошироко за заедницата во која се. Наставникот ги мотивира потоа да направат мал прозен или поетски дискурс и да ги употребат симболите. Ги читаат примерите и нивната употреба се поврзува со објаснувањето за стилското изразно средство симбол кое наставникот го поставува на таблата.
- Учениците играат игра во која имаат задача да кажат колку што им текнуваат антоними. Ги запишуваат примерите во тетратка и од нив прават неколку искази кои ќе бидат логична спротивставеност. Дискутираат за значењата на своите искази. Потоа наставникот споделува песна во која има контраст како стилско изразно средство. Резимираат заеднички на крајот на часот.
- Наставникот има подготвено текст во кој има прашања на кои не се очекува одговор во паралелката. Покрај самосптојно подготвен текст може да биде користен соодветен монолог од драма или роман, пример познатиот монолог на ликот Хамлет во истоимената драма од В.Шекспир во која главниот лик си го поставува прашањето „Да ме има или да ме нема?". По читањето на примерот од текстот или пак извадокот од „Хамлет" наставникот ги поттикнува да ги анализираат исказите кои се поставени како прашање. Ги прашува учениците со што се слични или различни тие поставени прашања со оние кои тој/таа директно сега им ги упатува. Учениците ги даваат своите одговори и се прават *преговори* за значењето на поимот реторско прашање кое наставникот го поставувува. Откако се доаѓа до заклучок истото се запишува во тетратка како потсетување за стилското изразно средство реторско прашање.
- Учениците имаат задача да пронајдат песна која заради нешто е посебна за нив. На часот пополнуваат работен лист со следните барања: *Ми се допаѓаат стиховите*: ... и *Ми се допаѓаат овие стихови затоа што...(*Се очекува учениците да даваат посложени одговори, односно одговори преку кои ќе ги користат досега изучените термини кои се однесуваат поезијата, за структурата и стилското изразување во поезијата...)
- Учениците следат сегмент од македонскиот игран филм „Табакерата" (разговорот на Сулејман и Гоце Делчев во возот). Потоа истиот тој дел го читаат како извадок од расказот „Табакерата" од Ѓорѓи Абаџиев. Дискутираат за ликовите и ги споредуваат со историските личности, пред се Гоце Делчев, дискутираат дали и зошто овој расказ може да се нарече расказ во кој се третира конкретно историско време и историски личности кои одиграле важна улога во македонската историја. Заклучоците се формулираат во вид на план. (Со оваа содржина може да се комбинира содржина од изразување и творење или со содржините за филм).
- Учениците читаат избрани извадоци од романи кои се со различна тема. Врз основа на нивните содржини ја коментираат и дефинираат темата (семеен, историски, роман за млади). Може да се користат наслови кои се дел од лектирните списоци и кои биле читани, пример, извадок од изборната *Калеш Анѓа* од Стале Попов, *Хари Потер* и *Каменот на мудроста од Џ.К.Раулинг(дефиниран и како мистерија за тинејџери освен како фантастичен роман), Шармери од осмо* од В. Неделковски, *Исти очи* од Горјан Петревски. При дискусијата за темите, учениците доколку сами ја прочитале книгата ќе можат да дојдат и до заклучокот дека секој од посочените романи има една доминантна тема, но и други теми кои се надополнување, што значи романите не секогаш чисто и строго раскажуваат за/на една тема.
- Учениците следат презентација на која се претставени пет романи со историски мотиви и теми од страна на наставникот.
- Учениците читаат краток извадок од „Крпен живот" од С. Попов. Наставникот подготвува информации за нарацијата и ја поврзува со извадокот во кој се согледуваат семејните односи во Сукаловци. Учениците преку извадокот извлекуваат заклучоци за главните мотиви во семејните романи-релациите во семејството преку потенцирани цитати од наставникот.
- Наставникот има подготвено листа од книги кои се романи за млади, пример: *220 линии* од М.Гутовска-Адамчиќ, *Тајниот дневник на Адријан Мол* од Сју Таунсенд, *Добар ден, тато* од Стјепан Томаш, *Чудна случка со кучето во ноќта* од Марк Хадон и др. преку кои ги претставува

темите кои можат да се најдат во романите за млади. Во согласност со интересот на учениците наставникот понудува повеќе информации и прави препораки за читање.

- Учениците добиваат задача при читањето на лектирата особено да внимаат на ликовите, нивните описи и постапки. Потоа избираат лик од прочитана лектира и прават презентација за ликот за што користат точен план: како ликот изгледа(може да се поткрепи со цитат) издвојува две постапки кои се олицетворение за тоа каков лик е, издвојува најубава реплика од ликот и ја коментира во контекст на целата нарација.
- Учениците имаат задача да ја откријат најважната карактеритика на главен лик од лектира пример, *Старецот и морето* од Хемингвеј, ја избираат упорноста како главна црта на ликот – Старецот. Потоа прават дискусија за упорноста во нивните секојдневни обврски и исходите кои ги имаат кога се упорни во нешто. Наставникот настојува сите во одделението да го изразат своето мислење (На оваа тема можат да создадат и свој краток говор).
- Учениците се осврнуваат на прочитано лектирно дело, пример *Малиот принц* од Антоан де Сент Егзипери и пораките од патувањата на Малиот принц ги контекстуализираат во рамките на важните и неважните работи во животот. Секој ученик избира една глава, односно една случка и ја објаснува во секојдневен контекст, пример, важно е да се има свое цвеќе(љубов) кое ќе го негуваме без разлика дали е најубавото на светот.
- Учениците избираат омилена книга, расказ, приказна по свој избор и со аргументи ја прикажуваат како омилена(интересна тема, лик како пример и идол, настан со поука...).
- Учениците се присетуваат на филмот и расказот *Табакерата* и разговараат за разликите и сличностите во неговото читање/гледање и пишуваат свое резиме од 8-10 реченици кои ги споделуваат во паралелката.
- Учениците читаа биографија од некој познат научник. Согледуваат главни карактеристики на биографијата: факти, точни информации, редослед на прикажување на информациите, јасност, прегледност. Секоја карактеристика ја поткрепуваат со цитат.
- Учениците читаат биографија за Климент Охридски и извадок од романот „Климент Охридски“ од Томе Арсовски. Ги споредуваат и бараат карактеристиките на биографијата-строга фактографија и стилски уредената биографија со податоци пренесени на интересен и возбудлив начин- како роман за животот и делото на Климент Охридски.(За оваа биографија –роман има снимено и телевизиска драмска серија со исто име, авторот е автор и на сценариото. Овој пример може да се поврзе со стандардите за изразување и творење односно, со стандардот за споредување на литературно со телевизиско дело и сл.)
- Учениците самостојно читаат примери од една постара автобиографија, пример, Автобиографијата на Прличев и понова автобиографија пример, „Сервирај за победа“ од Новак Ѓоковиќ. Разговараат по насочени прашања: Кој раскажува? Што раскажува за себе? Што доминира во описите за самиот себеси? Дали личноста која ја пишува автобиографијата е позната? Во кој литературен род се пишувани овие две автобиографии? Во што се слични? Во што се различни? Дали имаат ист начин на прикажување на фактите за себе? Учениците своите одговори ги запишуваат и споделуваат со паралелката.
- Учениците самостојно читаат патопис, пример еден патопис од книгата „Божилак- моите патувања“ од Наташа Жвеглич. Ги бараат карактеристиките на патопис во текстот: кој раскажува, што раскажува, дали има описи, што се опишува, дали авторката споделува некакви емоции и размислувањата кон она што го споделува со своите читатели, дали има визуелни прилози, дали тие помагаат во восприемање на содржината и слично. Одговорите ги споделуваат меѓу себе и резимираат за карактеристиките заеднички.

- Учениците следат видео патопис како мотивација за творење сопствен патопис. Пишуваат со напомена дека треба да внимаваат да ги опишат местата, луѓето, обичаите преку факти, но и преку свои размислувања и споделувања на чувства кои се појавиле кај нив при посетата. Сработеното се споделува во паралелката.
- Учениците ја читаат изборната лектира „Чорбаџи Теодос“ од Васил Иљоски. За истата реализираат проектна активност: поставување театарска претстава во училница на прочитан драмски текст. Преку проектната активност во која ќе бидат вклучени сите ученици со различни улоги: актери, костимографи, сценографи, режисер, композитор, менаџери и слично, ќе ги научат разликите на драмскиот текст и претставата, како и елементите кои ја чинат претставата како целина. За успешна проектна активност секој треба точно да ја знае својата улога во активноста и да соработува со останатите. Активноста може да има јавно презентирање или само во рамките на училницата.
- Учениците добиваат извадоци од драмски текстови и ги одделуваат оние во кои има само еден лик кој е носител на драмското дејство. Ги објаснуваат како монодрами и ги коментираат цитатите изделени и посочени од наставникот кои се однесуваат на конкретниот текст.
- Учениците добиваат задача – истражување за филмот кое ќе го претстават во соодветна презентација (поврзување со стандардот од делот изразување и творење ккој се однесува на содржината презентација). Дел од учениците имаат задача да истражат за историјата на филмот, дел за жанровите, дел за патот на филмската идеја преку синопсис, сценарио и книга на снимање. Од слушнатите презентации учениците ги запишуваат главните информации за темите за кои немале задача да истражат.
- Учениците истражуваат на тема *Македонската литература на филмското платно.* Филмовите кои ги пронаоѓаат ги презентираат врз основа на која книга се напишани, дали сценаристот и авторот на книгата се истите автори, дали и какви разлики има во двете уметнички дела, кои се можностите да се претстави литература како филм. Истраженото се споделува (може и како презентација) пред сите во паралелката.
- Учениците разговараат за структурата на текстовите кои се потребни да се состават во комуникација со институции, пример, како да се направи пријава за во средно училиште или пак како да се напише приговор кога се има забелешка, на пример, за некој конкурс на кој учествувале. Структурите за кои разговараат се претставуваат во текст. Напишаното се споделува во паралеката и се коригира по потреба од страна на наставникот.
- Учениците пишуваат записник од часот на одделенската заедница кога дискутирале на темата Хуманитарна акција по повод Новата година и кога биле дефинирани временски рамки и задачи за сите ученици.
- Учениците составуваат говор за некоја училишна актуелност или за некоја тема за која учат на некој друг предмет. Наставникот дава упатства за должината на говорот, неговата структура и презентирање. За следење на успешноста учениците си изработуваат чек листа и се самооценуваат: говорат на стандарден македонски јазик, користат фрази, поими и изрази соодветни на одредена тема, говорот е соодветен за целта за која е наменет.
- Учениците за прочитан текст на часовите по Македонски јазик подготвуваат текст во кој ги образложуваат своите аргументи кои се однесуваат на етичките елементи кои се претставени во текстот-приказ на вредности, потоа за начинот на кој е напишан текстот – соодветен јазик и стил, како и за идејните пораки на текстот. За сработеното добиваат повратна информација.
- Учениците пишуваат текст за прочитано литературно дело почитувајќи ги основните правила за структура на есеј: избирање наслов, вовед или повикување во есејот преку клучното прашање за избраната тема; главен дел-опис на тезата, детали, поврзување на фактите и деталите со идеите; завршен дел-сумирање на главните поенти, завршна реченица со порака).

- Учениците работат самостојно- пишуваат осврт за културен настан: театарска претстава, посета на кино, промоција, изложба, по свој избор. Го образложуваат своето мислење преку факти и точни податоци за посетениот настан и коменатр за истото.
- Учениците прават презентација на тема која ја избрале и може да биде поврзана со други предмети. При подготовката на презентацијата користат соодветен јазик, почитуваат правописни правила, прават воведен/насловен слајд со генералии на авторот, слајд со извори за презентацијата и одјавен слајд. Презентацијата содржи слајдови со илустративен материјал и соодветен обем на текст. Презентација се споделува пред сите во паралелката.
- Учениците учествуваат во креативна работилница за творење на зададена тема. Наставникот како основна мотивација има поставено ѕид од зборови кои учениците ќе ги употребат и дополнат со својот активен речник и знаење. Како дополнителна мотивација наставникот има оставено книги, раскази, романи, илустрации, фотографии, енциклопедии. Учениците можат да ги разгледуваат и да добијат или да се потсетат на некоја идеја која можат да ја реализираат при пишувањето. Напишаното се уредува и се изложува на заеднички простор во училницата.

**Подрачје:** ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ***

**Вкупно часови: 10**

**Резултати од учењето**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:
1. да вреднува веродостојност на дадена медиумска содржина за наука и здравје, со користење индикатори за откривање дезинформации;
2. да определува кредибилност на изворите поврзани со наука и здравје присутни во онлајн медиумите и на социјалните мрежи;
3. да креира медиумска содржина од областа на науката и здравјето и да објаснува како одговорно се споделуваат преку медиумите и социјалните мрежи;
4. да објасни како функционираат алгоритмите на социјалните мрежи.

Ученикот/ученичката ќе развива:
1. свесност за штетните последици од користењето непроверени информации поврзани со науката и здравјето;
2. критички пристап кон содржините што му/ѝ се нудат во онлајн медиумите и на социјалните мрежи.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • Дезинформации за наука и здравје | • Ги наведува индикаторите што укажуваат на присуство на дезинформации во медиумските содржини за наука и здравје.<br>• Проверува со помош на индикаторите дали медиумските содржини што се однесуваат на наука и здравје содржат дезинформации. |
| • Веродостојност на информациите и кредибилност на изворите поврзани со наука и здравје присутни во онлајн медиумите и на социјалните мрежи | • Определува кредибилност на изворот на информациите поврзани со наука и здравје.<br>• Објаснува зошто производителите на лекови, витамини и козметика даваат лажни информации за своите производи.<br>• Наведува штетни последици од подлегнување на непроверени и лажни информации во врска со лекови, вакцини и лековити билки.<br>• Применува различни онлајн алатки за верификација медиумски содржини поврзани со наука и здравје. |
| • Креирање и споделување медиумски содржини поврзани со наука и здравје | • Идентификува кредибилен извор на информации за креирање медиумска содржина на дадена тема во врска со наука и здравје.<br>• Користи цитати и податоци/докази и други веродостојни информации од кредибилни извори при креирање медиумска содржина на дадена тема во врска со наука и здравје.<br>• Објаснува што значи одговорно споделување информации во врска со наука и здравје преку медиумите и социјалните мрежи. |
| • Алгоритми на социјалните мрежи | • Објаснува како функционираат алгоритмите на социјалните мрежи.<br>• Објаснува како алгоритмите ги следат навиките и преференциите на корисниците и им нудат приспособени содржини, информации и услуги. |

**Примери на активности:**

- Учениците ги наведуваат клучните чекори преку кои може да се провери дали одредена медиумска објава содржи дезинформаци: кој објавува – дали е релевантен медиумот, проверка на датумот на објавување, дали објавата има автор, дали објавата има соговорници и цитати, ако информацијата е преземена далли е наведена оригиналната објава, дали информацијата е направена според новинарски стандарди или е сензационалистичка вест, да се побара информацијата и на други домашни и странски медиуми и агрегатори, да се провери

дали страниците за проверка на факти веќе објавиле нешто. Потоа учениците поделени во мали групи добиваат за работа две различни медиумски содржини, едната половина од групите добиваат медиумска содржина поврзана со наука, а другата половина од групите медиумска содржина поврзана со здравје. Додека тече групната работа, секоја група ги користи клучните чекори преку кои вршат проверка дали медиумската содржина е релевантна, односно дали во себе содржи дезинформации. По завршувањето на активноста секоја група го презентира сработеното по што се отвора дискусија.

- Учениците работат индивидуално. Половина од учениците добиваат лажна медиумска информација која третира одредено научно откритие, а другата половина од учениците добиваат лажна медиумска информација која третира здравствена функционалност на одредени лекови, витамини и козметика. За да ја одредат кредибилноста на изворот на информациите дадени во текстот на кој работат, учениците ги прземаат следните чекори: Ја пребаруваат информацијата преку Google или преку друг пребарувач; Проверуваат дали и другите медиуми имаат иста или слична објава; Проверуваат дали страниците за проверка на фактите веќе ја анализирале оваа медиумска информација; Истражуваат да откријат која е целта на оваа објава; Проверуваат дали во неа се презентирани факти или мислење; Проверуваат дали информацијата е напишана согласно новинарските стандарди. Откако ќе завршат со активноста секој ученик согласно преземните истражувачки чекори изнесува сопствен став зошто во јавноста се презентираат лажни информации за одредени научни откритија и здравствени производи.
- Учениците откако претходно ја изучиле примената на клучните алатки за проверка и верификација на медиумски содржини истите ги применуваат во практика врз медиумски содржина поврзани со наука и здравје каде информациите се дадени во форма на: текст, фотографија или видео. Откако ќе завршат со верификација на медиумската содржина, учениците ги наведуваат, односно ги изнесуваат своите видувања за штетните последици од подлегнување на непроверени и лажни информации во врска со лекови, вакцини и лековити билки кои излагања се засноваат на конкретни факти и докази.
- Учениците работат во парови. Добиваат четири медиумски информации две поврзана со наука и две поврзана со здравје. Од двете информации поврзани со здравје едната содржи информации од кредибилен извор, истатата ситуација е и со двата текста поврзани со наука (ова го знае наставникот, но не и учениците). Задачата на учениците е да ја идентификуваат информацијата која содржи кредибилен извор каде изнесените податоци се темелат на: цитати, податоци, докази и други веродостојни информации. За оваа цел учениците ја користат алатката „За проверка на извори и цитати“ и шесте чекори на „Новинарски процес за проверка и објава на веродостојноста на цитати и извори на една информација“. Откако секој пар ќе ја заврши добиената активност, објаснува што значи одговорно споделување на информации поврзани со наука и здравје преку медиумите и социјалните мрежи и кои последици може да настанат доколку се споделуваат непроверени информации од некредибилни извори.

- Секој ученик добива задача да креира медиумска содржина. Ученикот самиот избира дали таа медиумска содржина ќе биде поврзана со наука или здравје. Учениците добиваат лист хартија во кој се содржани шест чекори поврзани со новинарскиот процес за проверка и објава на една информација (1. Проверка од најмалку два извора; 2. Изјави од очевидци или инволвирани лица; 3. Соговорници со целосно име и презиме - освен во случај на заштита на идентитетот; 4. Изјави од стручни лица или организации; 5. Потврда или став од официјални извори: Влада, министерство, институција... и 6. Автентични фотографии/видеа од настанот или проблематиката). Откако учениците ќе завршат со работната задача ги споделуваат медиумските содржини по што се отвора дискусија во однос на нејзината кредибилност.
- Учениците со сопствени зборови го објаснуваат поимот *алгоритам*. Следува задачада да се најават на својата корисничка сметка на Фејсбук преку мобилен телефон или компјутер. Ако немаат Фејсбук, најдобри алтернативи се Твитер или Инстаграм, а можат да работат и заедно со друг ученик, ако и на обајцата им е прифатливо тоа. Нивната задача е да го разгледаат својот ѕид со вести (newsfeed) и во рок од три минути да најдат содржина што ќе исполнува три од овие критериуми:

  - Содржина поврзана со вашето локално подрачје (дел од градот, локалната заедница, селото);
  -Содржина посветена на економијата;
  -Содржина посветена на екологијата;
  -Содржина што се однесува на балканскиот регион;
  -Содржина што промовира политичка опција;
  -Содржина што ве насмеа;
  -Содржина што веќе сте ја виделе некаде (видео што сте го гледале, интересен факт што веќе го знаете);
  -Здодевна/неинтересна содржина, линк што никогаш не би го отвориле.

Откако ќе завршат соа активноста се отвора дискусија во однос на следните прашања: Што ви беше најлесно, а што најтешко да најдете? Зошто? Дали има содржини што не успеавте да ги најдете? Ако е така, што мислите, што би можело да биде причина за тоа? На крајот на активноста учениците објаснуваат како алгоритмите ги следат нашите навики и интереси, а податоците собрани за нас им овозможуваат на разни компании, политички партии и други форми на здруженија полесно да ги насочат своите информации и реклами кон целните групи од кои веројатно би имале најголема корист. За да можеме подобро да ги искористиме протоците на информации преку алгоритми, мора повеќе да истражиме кои се клучните фактори што го насочуваат овој процес. Во спротивно, може да се соочиме со непредвидливи последици поради автоматизираните одлуки што ги користат дигиталните платформи.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноптравност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениицте да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да се овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот треба да направи согледување на претходните искуства, знаења и вештини на учениците, континуирано да ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и да прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;
- домашните задачи;

- одговорите на квизови (куси тестови) што се дел од поучувањето;
- есејските прашања;
- изработката на проекти;
- изготвувањето постери;
- контролните вежби;
- тестовите на знаења;
- рефлексивните дневници;
- истражувачките задачи и активности при кои ученикот врши: собирење податоци, евидентирање, претставување резултати – наративно или со табели, дијаграми, графици и нивно презентирање;
- изработките/ практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови, граматички анализи на текст, прикази, шеми, илустрации, презентации и сл.);
- писмените извештаи со податоци од спроведени истражувања.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива сумативна оценка во вид на бројчана оценка на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. На крајот од учебната година ученикот исто така, добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2027/2028 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за IX одделение.** | бр. 12-8476/7<br>26.6.2026 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>________________________________ |